Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул.“Македонија“бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr.”Makedonia”nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр. 02-204/13
05.02. 2024
Скопје

Врз основа на член 8 став 2 и член 9 алинеја 9 од Законот за судски буџет (Сл. весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), и член 16 од Деловникот за работа на Судски буџетски совет, Судскиот буџетски совет на ден 05.02..2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Се усвојува Програмата за работа на Судскиот буџетски совет за 2024 година.

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул."Македонија"бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр. 03-204/14
05.02. 2024 год.
Скопје

За реализација на активностите за остварување на надлежностите на Судскиот буџетски совет согласно член 9 од Законот за судски буџет („Службен весник на РМ" бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10) и член 16 од Деловникот за работа на Судски буџетски совет („Службен весник на РМ" бр.89/14), како и во насока на зајакнување на капацитетите за планирање и управување со Буџетот судска власт, Судскиот буџетски совет ја донесува следната

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ ЗА 2024 ГОДИНА

Судскиот буџетски совет на 194-та седница одржана на ден 13.02.2023 година ја донесе Програмата за работа на Судскиот буџетски совет за 2023 година бр.02-194/17 од 13.02.2023 година која предвидуваше повеќе активности и тоа:

- Активна поддршка на процесот на дигитализација на судството преку обезбедување на буџет за финансирање на дел од активностите од Планот за дигитализација на правосудството;
- Континуирана анализа на законската рамка со која со кои се регулира работењето на СБС и неговата стручна служба и доставување барање до Министерството за правда за потребни законски измени заради усогласување на законите;
- Активно учество во подготовка на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за период 2024-2028 година;

- Доработка на АБМС системот со интегрирање на Единствениот годишен план за вработување на судската васт и Годишната програма за капитални инвестиции;
- Утврдување на потреба и подготовка на измена или изготвување нов текст на актите во надлежност на СБС;
- Зајакнување на отчетноста и транспарентноста на работењето на Судскиот буџетски совет.

Приоритетни активности на СБС за 2024 година се:

- Реализација на активности чиј носител во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за период 2024-2028 година е СБС;
- Продолжување на активна поддршка на процесот на дигитализација на судството преку обезбедување на буџет за финансирање на дел од активностите од Планот за дигитализација на правосудството;
- Континуирана анализа на законската рамка со која се регулира работењето на СБС и неговата стручна служба и доставување барање до Министерството за правда за потребни законски измени заради усогласување на законите;
- Утврдување на потреба и подготовка на измена или изготвување нов текст на актите во надлежност на СБС;
- Зајакнување на отчетноста и транспарентноста на работењето на Судскиот буџетски совет.

Покрај приоритетните активности, Судскиот буџетски совет континуирано ќе ги извршува следните редовни активности:

- Реализирање на тековните активности;
- Подготовка на Годишен план за вработувања во судската власт за 2025 година;
- Подготовка на Извештај за работата на СБС и за реализацијата на судскиот буџет за 2023 година;
- Архивирање на документацијата;
- Извршување на Судскиот буџет за 2024 година преку следење на реализацијата и по потреба спроведување на пренамена на средствата обезбедени со буџетот преку:

  -реализација на Годишен план за вработувања за 2023 и 2024 година;

  -следење на тековните трошоци и субвенциите и трансферите;

-Подготовка на Годишна програма за капитални расходи од Буџетот судска власт за 2024 година и следење на степенот на реализација на капиталните расходи;

- Водење на Регистар за судски службеници;
- Подготовка на Предлог буџетот судска власт за 2025 година со Стратешки план на судската власт за периодот 2025-2028 година;
- Изнаоѓање на можности за дополнителни извори за финансирање;
- Унапредување на соработката со други државни органи и невладини организации.

Во текот на годината, Програмата за работа на Судскиот буџетски совет може да се ревидира согласно потребите.

ОПИС НА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

- Доработката на АБМС системот со интегрирање на Единствениот годишен план за вработување на судската власт и Годишната програма за капитални инвестиции ќе овозможи целосен преглед на состојбата со човечките ресурси во судството и нивното кариерно унапредување како и навремени информации за текот и реализацијата на капиталните инвестиции. Со оваа доработка би се овозможило генерирање на нови извештаи кои би придонеле за анализа на податоци потребни за изработка на наредните Годишни планови за вработување и Годишни програми за капитални инвестиции. Сето ова ќе придонесе за поефикасно следење и контрола на реализацијата на истите и од страна на судовите и од страна на СБС.

- Анализа на кадровската и материјално-финансиската состојба во единките корисници на судската власт. Анализата ќе опфати податоци за состојбата со вработените по единки корисници од аспект на број на судии и број на предмети, најприоритетни вработувања, анализа на одобрените буџетски средства од аспект на задоволување на потребите на единките корисници, состојбата со судските згради и сл. За оваа потреба освен членовите на СБС и вработените во стручната служба на СБС, може да се вклучат и вработени од единките корисници на судската власт. Доколку има можност и потреба од доедукација на вработени за стекнување знаења за извршување на нови работни задачи согласно потребите на судовите, ќе се достави барање до Академија за организирање на соодветни обуки.

Рок: прва половина на 2024 година

- Судскиот буџетски совет континуирано ќе врши ревидирање на донесените акти и по потреба ќе изврши измена на постоечките или донесување на нови акти. За таа цел ќе се формираат работни групи со

учество на членови на СБС, судии, вработени во судската и јавната администрација и сл.

- Зајакнувањето на транспарентноста на работењето на СБС во насока на информирање на единките корисници на Буџетот судска власт и на јавноста за работата на истиот е еден од приоритетите на СБС во наредниот период. Освен тоа, јавноста во работењето на СБС е опфатена и со Деловникот за работа на СБС. За работата на СБС на крајот на секоја седница, се дефинира за кои заклучоци треба да се информираат единките корисници на судскиот буџет и да се даде соопштение за јавност.

## РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ НА СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ ЗА 2024 ГОДИНА

- *Реализирање на тековни активности*

Реализирањето на тековните активности се врши редовно, согласно барањата (предметите) добиени од единките корисници на судската власт, министерствата, институциите и сл. Постапувањата по предметите се врши согласно законските прописи, донесените одлуки, заклучоци и напатствија на СБС, усвоените процедури за работа на СБС и стручната служба на СБС, во рокови кои се определени за соодветниот предмет.

- *Подготовка на годишен план за вработувања во судската власт*

Согласно Законот за судска служба (Сл. весник на РМ 43/2014, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22) Судскиот буџетски совет изготвува Единствен годишен план за вработување, согласно доставените барања за вработување на судовите, кој потоа го доставува до Министерството за финансии.

- *Извештај за работа на СБС и реализација на Судскиот буџет за 2023 година*

Подготовка и усвојување на Извештајот за работата на СБС и за реализација на судскиот буџет за 2023 година најдоцна до 30.05.2024 година

- *Архивирање на документацијата*

Одбирање на архивски материјал од трајна вредност за периодот до 2020 година и изготвување на пописен лист за документиран материјал кој ќе се предложи за уништување, во соработка со Државниот архив на РМ најдоцна до 30.06.2024 година.

- *Извршување на Судскиот буџет за 2024 година*

Во текот на годината редовно се следи реализацијата на судскиот буџет од страна на единките корисници, нивните доставени барања за потреба од пренамена на намената на средствата и се донесуваат одлуки за потребните пренамени со цел максимална реализација на средствата одобрени во буџетот.

- *Подготовка на Годишна програма за капитални расходи од Буџетот судска власт за 2024 година и следење на степенот на реализација на капиталните расходи*

Следење на степенот на реализација на капиталните инвестиции преку тековно прибирање на податоци од единките корисници на судската власт за водењето на капиталните инвестиции одобрени согласно Годишната програма за инвестирање на ниво на Судска власт за 2024 година и утврдување на потреба од нејзина измена.

- *Водење на Регистар за судски службеници*

Стручната служба на СБС ќе продолжи со редовно водење на Регистарот за судски службеници.

*Подготовка на Предлог буџетот на судската власт за 2025 година*

Подготовка на Предлог буџетот на судската власт за 2025 година врз основа на изготвените предлог-буџетски барања од единките корисници на Судска власт и донесување на стратешкиот план на судството за 2025-2028 година.

- *Дополнителни извори за финансирање*

Изнаоѓање дополнителни извори за финансирање на проекти на судската власт од меѓународни донатори, особено во сферата на информатичката технологија.

- *Унапредување на соработката со други државни органи и граѓанскиот сектор*

Во текот на 2024 година се работи на унапредување на соработката со други државни органи и граѓански организации како што се:

Влада на Република Македонија;
Министерство за правда;
Министерство за финансии;
Здружение на судии;
Здружение на судска администрација.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**
**Весна Дамева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ - KËSHILLI GJYQËSOR BUXHETOR
СКОПЈЕ - SHKUP